Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5 | | |


До АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Палата Панко Брашнаров, ул. Македонија бр.38, 1000 Скопје

Република Макдеонија

## ПРЕТСТАВКА

Јас, со место на живеење Бул. бр. влез стан во сакам да ја информирам Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека и , насилно преку нотарски платен налог сакаат да наплатат услуги за сателитски канали кои ниту сум ги користел ниту имам намера да ги користам, и да наплатат за купување на нивна опрема за дигитализација на сателитски канали која тие би ја користеле, и од неа понатаму би заработувале. Ја замолувам Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ми одговори на следниве прашања:

1. Дали на улица бул. бр. со едб. со управител и овластено лице ги исполнуваат сите обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми? Дали како сателитски оператор имаат дозвола за работа и дали за каналите кои сакаат присилно да ми ги наплатат, поседуваат соодветни одобренија и откупени авторски права, и ја почитуваат соодветната законска легислатива?
2. Дали сопственици на адс со едб. Скопје ги исполнуваат сите обврски од Законот аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми? Дали како сателитски оператор имаат дозвола за работа и дали за каналите кои сакаат присилно да ми ги наплатат, поседуваат соодветни одобренија и откупени авторски права, и ја почитуваат соодветната законска легислатива?
3. Дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да ми помогне на мене и огромниот број жители на општина кои сме жртви на наметнати трошоци. Сигурно постојат и казнени одредби во македонската законска легислатива токму за вакви здруженија. Според начинот на делување според мене прекршуваат бројни закони, без потпишани договори, велејќи дека така било од СФРЈ иако станува збор за понова зграда во која ниту има антена, ниту на мојот спрат има кабел спроведен од соодветните здуженија. Тие пробуваат да наплатат за сателитски канали (HRT2, ARENA SPORT, EUROSPORT, SKYSPORT, NAT GEO, DISNEY, HISTORY, ANILMAL PLANET,... вкупно 63 канали од кои 8со хд сигнал) за кои мислам дека и немаат авторски права за реемитување,сакаат да ми нанесат штета и плус ми наметнуваат огромни судски трошоци.

Телефон за контакт

Ви благодарам на разбирањето,

Потпис

Дата

29.03.2018